**ДЕНКОВА Јадранка**
**НАЈДОВКИ Дејан**

**УДК: 35.076.7:35.077.2**

## ПОВРЗАНОСТА НА ПРЕКРШОЧНАТА ПОСТАПКА СО УПРАВНИОТ СПОР

**Апстракт:** Новиот систем за водење на прекршочната постапка за одделни видови на прекршоци кои беа предвидени со определени закони се воспостави во текот на 2006 година со донесувањето на Законот за прекршоците. Овој Закон значеше реформирање на прекршочната постапка во насока на тоа дека таа може да се води како од судовите, така и од страна на органите на државната управа, организациите или другите органи што вршат јавни овластувања.[1]

Со донесувањето на овој Закон се воведува една новина во нашиот правосуден систем, а тоа е можноста на несудските органи да ја водат прекршочната санкција и да изрекуваат санкции за сторените прекршоци. Основна причина поради воведувањето на оваа новина во правосудниот систем беше се со цел да се изврши растеретување на Управниот суд од големиот број на прекршочни предмети и намалување на нивната преоптовареност.

Анализирајќи го целосниот систем на прекршочни органи во Република Македонија којшто беше востановен со донесувањето на Законот за прекршоците се доаѓа до заклучок дека во истиот постои определен степен на неизедначеност и тоа во однос на областите во кои органите постапуваат како прекршочни органи, бројот на формираните комисии за одлучување по прекршок и нивниот состав и положба. Пренесувањето на надлежностите за постапување на прекршочните предмети е добро решение во однос на растеретување на судските органи, прашањето е дали постои стручност спремност и екипираност на лицата кои се надлежни да постапуваат во прекршочните предмети во овие органи на управата. Стручноста и ефикасноста на вонсудските прекршочни органи влијае и на ефикасноста на Управниот суд.

**Клучни зборови:** *прекршочна постапка, управен спор, ефикасност, решение*

**DENKOVA Jadranka**
**NAJDOVSKI Dejan**

## THE RELATION OF MISDEMEANOR PROCEDURE WITH THE ADMINISTRATIVE DISPUTE

**Abstract**: The new system for conducting misdemeanor procedure for particular types of misdemeanors, was established during 2006 with the adoption of the Act of Misdemeanors. This law meant reform of the misdemeanor procedure and stated that both courts and state administration authorities, as well as organizations and other legal that perform public authorizations can take part in the misdemeanor procedure. [1]

The adoption of this law introduces a novelty in our judicial system, which is the ability of the non-judicial authorities to conduct misdemeanor sanction and to impose sanctions for the committed violations. The main reason for introducing this change in the judicial system was to reduce the amount of misdemeanors in the courts. At the time of implementing the law and its initial application, certain difficulties have arisen, since the authorities did not make the necessary analysis in order to act in accordance with the new law. In addition, the necessary adjustments to the material laws haven't been completed.

[1] Закон за прекршоците, („Сл. Весник на РМ„ бр. 62/2006, 51/2011).

Analyzing the full system of misdemeanor bodies in the Republic of Macedonia, established with the adoption of the Law on Misdemeanors, it can be concluded that there is a certain degree of distinction in the area, such as when authorities act as misdemeanor bodies. Other inequality are the number of established commissions formed for deciding upon a misdemeanor and their composition and position. The transfer of the competencies for dealing with misdemeanor cases is a good decision regarding the reducing of the amount of misdemeanors in the courts, however it is questionable whether there is well-trained work force competent to act in the misdemeanor cases in the public administrative bodies. The expertise and efficiency in the misdemeanor court also affects the efficiency of the Administrative Court.

**Key words:** *misdemeanor procedure, administrative dispute, efficiency, solution*

**Прекршочна постапка пред прекршочен орган**

Во Законот за прекршоците јасно се определени субјектите кои можат да поднесат барање за поведување прекршочна постапка до прекршочниот орган.[2] Во практиката, прекршочниот орган најчесто поведува прекршочна постапка по службена должност и тоа е карактеристично за сите органи. Исто така, во голем број случаи барање за поведувања прекршочна постапка поднесуваат овластени службени лица (униформирани полициски службеници) или овластени органи (Државен пазарен инспекторат, Основно јавно обвинителство). Многу ретко, во улога на подносител на барањето за поведување прекршочна постапка се јавува оштетениот, односно лицето чиешто право било повредено или загрозено со сторениот прекршок. Во тој контекст, се препорачува прекршочниот орган да посвети особено внимание на остварувањето на правата на оштетениот, односно да не создава монопол на правото на поведување прекршочна постапка. Ваквата позиција на монопол треба да се избегнува заради намалување на штетните последици што можат да произлезат од таквата состојба, било поради недоволна стручност или поради злоупотреба на службената положба од страна на овластените службени лица во прекршочниот орган. Самото тоа што оштетениот може да поведе прекршочна постапка, придонесува за спречување на такви појави, а воедно влијае на совесно и внимателно работење на овластените службени лица во прекршочниот орган. На оваа определба и заложба за намалување на оптовареноста на судовите од прекршочните предмети упатува и Стратегијата за реформа на правосудниот систем на Република Македонија, која е донесена од страна на Министерството за права. Во неа се истакнува дека "ќе се пристапи и кон ревизија на законите што содржат одредби за прекршоци, за што ќе биде подготвена посебна анализа на законските прописи и на нивната примена".[3]

Исто така, ќе треба да се преоцени и „крутото"законско решение за содржината на барањето за поведување прекршочна постапка, од аспект на обезбедувањето на сите основни податоци за идентитетот на сторителот, кога барањето го поднесува оштетениот. Во многу случаи тоа може да претставува проблем при нивното обезбедување. Законот за прекршоците е толерантен кон оштетениот само во однос на наведувањето на правната квалификација за прекршокот, што треба да се примени при поднесувањето на барањето за поведување прекршочна постапка до прекршочниот орган. Поради оваа законска констелација на содржинско уредување на барањето за поведување прекршочна постапка, во иднина ќе треба да се разгледа и можноста оштетениот да го поднесува барањето само со наведување на најнужните лични податоци кои ќе бидат во функција на полесно идентификување на сторителот од страна на прекршочниот орган. Во тие рамки, прекршочниот орган ќе има улога да го афирмира ова право на оштетениот, односно да му помогне при неговото реализирање, со што ќе се зголеми заинтересираноста на оштетениот за негово активно учество во прекршочната постапка.

По поднесувањето на соодветно барање за поведување на прекршочна постапка прекршочниот орган треба да донесе соодветна одлука. Прекршочниот орган има обврска во рок од 30 дена по приемот на барањето за поведување прекршочна постапка да утврди дали постојат законски услови за спроведување на прекршочната постапка и да донесе одлука за прекршок,

---

[2] Закон за прекршоците, („Службен весник на РМ„ бр. 62/2006, 51/201).
[3] Стратегија за реформа на правосудниот систем, 2004.

односно да поднесе барање за поведување прекршочна постапка до надлежниот суд, ако постапката не е во негова надлежност. Законските услови за неспроведување на прекршочната постапка се поединечно наброени во Законот за прекршоците, при што прекршочниот орган е должен писмено да го извести подносителот за неговата одлука, како и за причините за таквата одлука. Овој дел од постапката е во функција на определување на насоката во која ќе се движи прекршочниот орган при конкретното одлучување за сторениот прекршок. Прекршочните органи, по правило, донесуваат одлука за прекршок за сите поведени прекршочни постапки.

Постојат неколку етапи или чекори кои се карактеристични за прекршочната постапка која се води пред прекршочниот орган. Првиот чекор или претходната постапка на комисијата (по приемот на барањето за поведување на прекршочна постапка, службеното лице образува обвивка на предмет, го евидентира во уписникот за предмети, во зависност од тоа дали се работи за правно или за физичко лице, потоа на насловната страна од обвивката на предметот се наведуваат податоците кои се однесуваат на инстутуцијата која го води предметот како и на сторителот на прекршокот и на крај се врши заведување во помошна книга за евиднеција. Исто така, во овој дел од постапката потребно е да се провери надлежноста на комисијата за постапување, дали барањето е поднесено од овластен поднесител како и проверка на тоа дали барањето ги содржи сите елементи кои мора да ги содржи според закон). Втор чекор – самата постапка пред комисијата (по определување на членовите известители и нивно соодветно евидентирање во уписните книги, службеното лице врши предавање на предметите на членовите на Комисиите. Членот – известител, по службена должност без одлагање ќе ги прибави фактите и доказите и ќе ја утврди фактичката состојба потребна за одлучување по конкретниот предмет. Членот известител, писмено ќе го извести сторителот и ќе го поучи дека во рок од три дена од приемот на известувањето заедно со барањето за поведување на прекршочна постапка, може писмено да се изјасни за фактите и доказите. Во ситуација кога сторителот бара сослушување се закажува главна усна расправа). Трет чекор на постапката или донесувањето на одлуката (по завршувањето на расправата по секој предмет се пристапува кон гласање за донесување на одлука. Одлуката се донесува со мнозинство гласови на членовите на комисијата. Одлуките кои ги донесува Комисијата може да бидат во форма на решение или заклучок. Донесувањето на одлуките се врши со јавно гласање на присутните членови на Комисијата. За гласањето се води посебен записник. Решението кое е донесено од страна на Комисијата се доставува до сторителот на прекршокот). Четврт чекор или постапка по тужба (доколку има тужба од сторителот, на барање на Управниот суд се враќа одговор на тужба, заедно со списите на предметот. Доколку Управниот суд го поништи решението, комисијата веднаш го зема во работа и постапува согласно напатствијата дадени во решението, а пак доколку решението е потврдено истото се извршува). Петтиот чекор или извршување (извршувањето на решението на комисијата може да биде доброволно и присилно. Рокот за извршување на решението изнесува 15 дена од приемот на истото, а додека пак кај присилното извршување дури откако ќе истече овој рок. Доколку сторителот на постапи по укажувањата во решението во рок од 15 дена од денот на приемот на истото, на самото решение се констатира правосилност и извршност и заверено со печат и потпис, решението во доволен број примероци се испраќа на извршување).

Имајќи ги во предвид наведените фази во прекршочната постапка се јавува неопходност прекршочните органи во целост и објективно да ги проценуваат законските услови за спроведување на прекршочната постапка кои се од суштинско значење за понатамошното одлучување за прекршочната одговорност на сторителот. Тоа ќе придонесе за поправично и поефикасно применување на Законот за прекршоците од страна на прекршочните органи и ќе ги зголеми можностите за заштита на правата на сторителот во прекршочната постапка. Исто така, правилното применување на овие правила е значајно и за обезбедувањето правна сигурност и правна заштита на граѓаните во секој дел од постапката, особено ако оштетениот во иднина се јавува и како подносител на барањето за поведување прекршочна постапка.

**Поведување на управен спор поради одлука за прекршок што ја донел прекршочниот орган**

Со Законот за прекршоците е обезбедена судска заштита против одлуката за прекршок што ја донел прекршочниот орган, односно против истата може да се поднесе тужба за поведување управен спор пред Управниот суд на Република Македонија.[4] Притоа, во Законот за прекршоците поединечно се наброени причините за оспорување на одлуката за прекршок што ја донел прекршочниот орган и рокот во кој може да се поднесе тужба до Управниот суд на Република Македонија. Како субјекти кои можат да ја поднесат оваа тужба се јавуваат следните лица, лицето (физичко или правно) на кого му била изречена санкцијата, неговиот законски застапник, односно бранителот, оштетениот и неговиот застапник и сопственикот на одземените предмет и во прекршочна постапка. Битно е да се напомене дека поднесувањето на тужбата против одлуката на прекршочниот орган има суспензивно дејство што би значело дека истата го одлага извршувањето на одлуката за плаќање на глобата, освен во точно определени случаи кои се предвидени со законот. Како случаи во кои тужбата нема суспензивно дејство се оние во кои, ако изречената глоба со одлуката и трошоците на постапката вкупно не надминуваат за физичко лице 100 евра во денарска противвредност, за одговорно лице во правно лице, службено лице или за трговец поединец 500 евра во денарска противвредност и за правното лице 1000 евра во денарска противвредност. Законот му предвидува можност на тужителот со поднесување на предлог до судот кој е надлежен да постапува по тужбата да бара задржување на извршувањето на одлуката се до нејзината правосилност, доколку тужителот успее да докаже дека поради извршувањето ќе настане ненадоместлива штета. Судот којшто е надлежен да постапува во конкретниот предмет за спорот во кој има поднесено тужба против одлука на прекршочен орган одлучува и постапката ја води соглсно со Законот за управните спорови. Рокот во кој што треба да се поднесе оваа тужба изнесува 8 дена од денот на доставувањето на одлуката за прекршок. По тужбата одлучува судот кој е надлежен за одлучување во управен спор.

Во Законот за прекршоци таксативно се наброени случаите во кои одлуката која е донесена од страна на прекршочниот орган може да се оспорува со тужба:[5]

Можноста за поднесување на тужба против одлуката која е донесена од страна на прекршочниот орган е како резултат на уставниот принцип на преиспитување на одлуките, принципот на двостепеност. Можноста да не биде одлучено според законските одредби и на штета на физичките и правните лица во една прекршочна постапка од страна на прекршочниот орган постои, па затоа можноста која ја предвидува законот за поднесување на тужба против ваквата одлука на прекршочниот орган е оправдана.

Едно од основните начела на судскиот систем, за кое се обезбедува владеењето на правото и правната сигурност на човекот и граѓанинот во правна држава е задолжителноста на судските одлуки за сите правни и физички лица бидејќи тие имаат поголема сила во однос на одлуките на кој и да е друг орган и секој е должен да ја почитува правосилната и извршна судска одлука под закана на законски санкции, член 13, став 4 и 5 од Законот за судовите[6]. Со Законот за управните спорови[7], исто така, е потврдена задолжителноста и извршноста на одлуките донесени во управните спорови. Имено, според член 5 од Законот за управните спорови (ЗУС), одлуките на судовите донесени во управните спорови се задолжителни и извршни.[8]

Задолжителноста и извршноста на одлуките донесени во управен спор е едно од основните начела во спорот разработено во член 52 и 53 од Законот за управен спор. Овие одредби се поместени во Главата:„VII.ЗАДОЛЖИТЕЛНОСТ НА ОДЛУКИТЕ„.Со овој дел од Законот, законодавецот го уредува постапувањето на органот, чиј акт бил поништен со одлуката

---

[4] Член 67, Закон за прекршоците, („Службен весник на РМ„ бр. 62/2006, 51/2011).

[5]Ако со одлуката која е донесена од страна на прекршочниот орган била повредена материјална одредба на закон со кој прекршокот е пропишан,-Ако биле повредени одредбите на постапката, бидејќи не одлучил надлежен орган или ако одлуката ги нема сите пропишани составни елементи,- поради погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба, при што во тужбата може да се наведуваат нови факти и да се предлагаат нови докази само ако тужителот стори веројатно дека без своја вина не бил во можност да ги предложи во постапката,-поради висината на изречената глоба, поради изречените санкции, одземањето на предметите и трошоците на постапката. Член 69, Закон за прекршоците, („Службен весник на РМ„ бр. 62/2006, 51/2011).

[6](„Службен весник на РМ„ број 58/2006, 111/2008 и 150/2010).

[7] („Службен весник на Република Македонија„ број 62/2006 и 150/2010).

[8] Член 5, Закон за управните спорови, („Службен весник на РМ„ бр. 62/2006, 150/2010).

на Управниот суд, го определува можниот начин на однесување на странките, ако органот не постапува по она што е наложено од судот, но определува и начин на постапување на судот во случај да не се постапува по неговите одлуки. Со ваквото уредување законодавецот отворил можност за ефикасно, респонзивно и взаемно контролирано остварување на правата на странките во управните спорови и покрај неспорната околност дека неизвршувањето на судските одлуки подлежи на кривично казнување.[9] Така, според член 377 од Кривичниот законик, службено или одговорно лице кое нема да постапи по правосилна одлука на суд со која е одлучено за враќање на работник на работа, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година (став 1). Службено лице или одговорно лице во правно лице кое врши јавни овластувања, а кое ќе одбие да изврши правосилна и извршна судска одлука која е должно да ја изврши, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години (став 2). Со казната од став 2 ќе се казни службено или одговорно лице кое ќе одбие да изврши одлука на Уставниот суд на Република Македонија која е должно да ја изврши (став 3). Ако делото од ставовите 1, 2 и 3 предизвикало потешка повреда на правилата на друг или значителна имотна штета, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години (став 4).

Преку начелото задолжителност и извршност на одлуките донесени во управни спорови се изразува водењето на управниот спор во односите човек – власт. Преку судската контрола и законитоста на поединечните управни акти се обезбедуваат човековите права и интереси во управната област. Во таа смисла е и одредбата на член 50, став 2 од Уставот на Република Македонија, според која се гарантира судската заштита на законитоста на поединечните акти на државната управа и на другите институции што вршат јавни овластувања.[10]

Така, ако ги анализираме одредбите во Уставот и законите ќе ја согледаме задолжителноста и извршноста на една судска одлука каде што децидно се нагласува формалната правосилност односно неможноста истата да биде побивана со редовни правни средства. Материјалната правосилност ја гледаме во неприкосновеноста на правосилноста на судските одлуки, а тоа значи дека истата има задолжителна сила спрема сите, мора да се почитува од сите и истата неможе да се оспорува. Посебно треба да се нагласи децидноста за обврзноста на судот да ја отфрли тужбата доколку утврди дека веќе постои правосилна одлука за истата управна работа. [11]

Карактерот на дејството на пресудата зависи од одлуката на судот во однос на тужбата и на оспорениот управен акт:[12]

Во одредбата од членот 52 од Законот за управен спор, се утврдуваат должностите на органот чиј управен акт во управен спор е поништен. Утврдени се следниве правила:

- кога судот ќе поништи акт против кој бил поведен управен спор, предметот се враќа во состојба во која се наоѓал пред да е донесен поништениот акт. Значи, во поранешната состојба;
- ако според природата на работата што била предмет на спорот, место поништениот управен акт треба да се донесе друг, надлежниот орган е должен да го донесе без одлагање, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на доставувањето на пресудата;
- притоа, надлежниот орган е врзан за правното мислење на судот, како и со забелешките на судот во однос на постапката. Доколку сепак надлежниот орган при донесувањето на новиот акт постапи спротивно од правното мислење на судот или спротивно на забелешките од судот во однос на постапката, предвидени се санкции во членот 40 од Законот за управен спор.[13]

---

[9] Член 377, Кривичен законик, („Службен весник на РМ„ бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014 и 199/2014).

[10] Член 50, став 2, Устав на Република Македонија, (Службен весник на РМ, бр. 52/91).

[11] Glossary, (2005). International Journal of Constitutional Law, vol. 3, no. 2-3, 56.

[12] Hartley, T. C. (1999). Temelji prava Europske zajednice: uvod u ustavno i upravno pravo Europske zajednice, Pravni fakultet Sveučilišta u Rijeci, COLPI, Rijeka, 59.

[13] Член 52, Закон за управни спорови, (Сужбен. весник на РМ, бр. 62/2006, 150/2010).

Меѓутоа, практиката покажува дека нередовно и неефикасно се извршуваат одлуките на судовите донесени во управните спорови. Имено, има случаи, одделни органи на државната управа да не постапуваат по одлуките донесени во управен спор, па по неколку пати донесуваат истоветни решенија кои претходно биле поништени од Управниот суд. Оваа констатација може да се поткрепи со анализа на извештаи од Хелсиншкиот комитет кои врши анализа на случаи каде се повредни човековите права на граѓаните во Република Македонија.

**Заклучок и препораки**

Врз основа на изнесеново можеме да заклучиме дека сеуште не се препознатливи бенифитите од воспоставувањето на континенталниот судски систем што се одразува со незадоволство од страна на граѓаните поради неефикасното постапување од страна на надлежните административни службеници, вклучени во донесувањето на решенијата од првостепените постапки, а истото се одразува над ефикасноста на работењето на Управниот суд. Доколку има неефикасно решавање на првостепените прекршочни органи што се во состав на органите на државната управа сето ова се одразува над зголемување на бројот на тужби пред Управниот суд што како споменвме се рефлектира со негова неажурност, односно оправдување на неговото постоење. На оваа определба и заложба за намалување на оптовареноста на судовите од прекршочните предмети упатува и Стратегијата за реформа на правосудниот систем на Република Македонија, која е донесена од страна на Министерството за права. Во неа се истакнува дека "ќе се пристапи и кон ревизија на законите што содржат одредби за прекршоци, за што ќе биде подготвена посебна анализа на законските прописи и на нивната примена".[14]

Исто така, значајно е да се нагласи дека во Република Македонија не се почитува и не се извршува основното начело на судскиот систем задолжителности и извршност на одлуките на судовите донесени во управните спорови, пред се поради недоволната правна регулираност, поради неефикасноста и неажурноста на судовите и судските постапки во управните спорови и особено поради неажурноста и неодговорноста на органите на државата управа, а сето тоа затоа што поедини органи на државната управа, за жал, се уште сметаат дека тие не се должни да постапуваат по одлуките на управните судови, што е погрешно и за таквото нивно неодговорно однесување и сфаќање нема конкретна одговорност. Како препорака од овој труд со цел да се подобрат состојбите со управните спорови воопшто од сите области, вклучително и од областа на прекршоците потребно е постојано следење на состојбите во прекршочните управни органи од законските решенија, организирање на соодветни дебати, советување и трибини како за вработените на Управниот суд, така и за вработените во управните органи кои постапуваат по конкретни предмети се со цел да се намали бројката на предмети кои се утуживаат пред Управниот суд на Република Македонија, а со самото тоа се да се растерети работата на истиот.

**БИБЛИОГРАФИЈА**


1) Tomic, Zoran, (2009). Opste upravno pravo, Pravni fakultet Univerzitetu u Beogradu, Beograd,
2) Гелевски, Симеон, (2003). Управно процесно право, Правен факултет Јустинијан Први, Скопје,
3) Dimitrievic, Pavle, (1983). Osnovi upravnog prava, Pravni fakultet, Univerzitetu u Beogradu, Beograd,
4) Dimitrijević Pavle, (2008). Upravno pravo, Opšti deo, Knjiga prva, Pravni fakultet Niš,
5) Rađenović, Mirjana, (2010). Pravo upravnog spora, Pravni fakultet, Univerzitet u Banjoj Luci, Banja Luka,
6) Milkov, Dragan, (2003). Upravno pravo, Kontrola uprave, Centar za izdavacku deletnost, Beograd,


[14] Стратегија за реформа на правосудниот систем, 2004

7) Павловска – Данева, Ана, (2010). Односот помеѓу државата и граѓаните од аспект на управното законодавство во Република Македонија, Германска фондација за меѓународно правна соработка и Фондација Фридрих Еберт, Скопје,
8) Петровска, Ирина, (2005). Казнената политика во прекршочното право, Казнена политика во Република Македонија, Македонска ревија за казнено право и криминологија, Скопје,
9) Berkovic, Ivo, (2002). Upravno pravo, Narodne novine, Zagreb,
10) Bentwich, Norman, (1960). Migration of the common law, LQR, Israel,
11) Schwartz, Bernard, (1962). An Introduction to American administrative Law, University of Cambridge, Sir Isaac Pitman & Sons Ltd, London,
12) Popovic, Slavoljub, (1968). Ustavni spor I teorija I praksi, Zavod za izdavanje udžbenika SRS, Beograd,
13) Maurer, Hartmut, (2011). Allgemeines Verwaltungsrecht, C.H.BECK, München,
14) Debbasch, Charles., (1974). L administration au prouvoir, Calman – Levu, Paris,
15) Raschauer, Bernhard, (1998). Allgemeines Verwaltungsrecht, VERLAG, New York,
16) Камбовски, Владо, (2010). Судско право. Правен факултет – Јустинијан први – Скопје,
17) Waline, Marcel, (1950). Le pouvoir normatif de la jurisprudence, LGDJ, Paris,
18) Kosutic, Budimir, (1973). Presuda kao izvor prava, doktorska disertacija, Pravni fakultet u Beogradu, Beograd,
19) Lukic, R.adomir, (1971). Uvod u pravo, Naučna knjiga, Beograd,
20) Тасковска, Добринка, (2010). Вовед во правото, авторизирани предавања, Правен факултет Јустинијан први – Скопје,
21) Dupelj, Zelimir, (2003). Donosenje odluka u upravnom sporu, Pravo I porezi br. 3, Beograd,
22) Jacobini, Horace, (1991). An Introduction to Comparative Administrative Law, Oceana Publications, New York, London,